Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-77/1
Датум: 14-01-2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-721/1 од 08.10.2025 година, поднесена од ---- за заштита од дискриминација врз друга основа во областа на спортот и дејствување на здруженија на граѓани и фондации, поднесена против Министерството ----, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКИРМИНАЦИЈА** врз друга основа во постапувањето на Министерството ---- кон ---- во областа на спортот и дејствување на здруженијата на граѓани и фондациите.

## Образложение

На 8.10.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од ---- во продолжение ---- против Министерството ----, за заштита од дискриминација врз друга основа (инситуционално вознемирување, нееднаков третман, вознемирување и институционален притисок, трговија со влијание и директно мешање во автономијата на ----) во областа на спортот и дејствувањето на здруженија на граѓани и федерации.

Во претставката подносителите наведуваат дека Министерството за ---- и министерот за ---- ---- вршат системска и континуирана дискриминација кон ----, со што се нарушува правото за еднаков пристап до јавни средства и се ограничува делувањето како национална ----.

Подносителите наведуваат дека иако ---- е една од најтрофејните ---- во државата во изминативе години и постигнува врвни резултати на меѓународно ниво, со назначувањето на ---- за министер за ---- во ----, Министерството ---- не одвоило ниту еден денар за нивните активности. Притоа, согласно наводите од претставката, подносителите навремено ја доставиле својата Годишна програма до Министерството ----, како и дополнителни шест посебни барања за финансиски средства поврзани со секој поединечен настап наведен во програмата за 2025 година. До денес, согласно наводите од претставката, подносителите немаат добиено ниту еден одговор по поднесените барања. Споредбено, подносителите велат дека ---- кои немаат значајни резултати, јавни настапи или успеси редовно добиваат финансиска поддршка од Министерството, а за ова тврдење може да се најдат докази во објавените податоци на платформата Отворени финансии.

Натаму, подносителите се жалат на вознемирување и институционален притисок. Во претставката наведуваат дека вознемирувањето и рушењето на достоинството како на претседателот на ----, така и на целиот управувачки тим на ---- се врши преку постојани и ненадејни инспекциски надзори врз целокупното работење на ----, како и преку директни барања за кршење на статутот и подзаконските акти со цел влијание врз изборот на нов претседател и управувачки тим. Како доказ за ова тврдење подносителите го посочуваат и во прилог го доставуваат записникот од изборното собрание на ----, одржано на ----, во кој, согласно нивните тврдења, се гледа дека претставниците на Министерството ---- по инструкции дадени од министерот се мешале во изборниот процес и барале да се дозволи кандидирање на претседател кој според Статутот на ---- не ги исполнува условите и барале кршење на статутарните права на ----. Дополнително, подносителите тврдат дека неколку недели пред одржувањето на собранието, вработена во Министерството ---- имала лични состаноци со повеќе претседатели на клубови членки на ----, на кои агитирала за избор на нов претседател на ----, за што ветувала финансиска помош на клубовите кои ќе го испочитуваат ова барање. Ова, според подносителите, претставува институционален притисок и дискриминација преку вознемирување.

Понатаму подносителите наведуваат дека Министерството врши трговија со влијание и директно мешање во автономијата на ----, така што доделува средства преку сметките на ---- исклучиво за конкретен спортист или директно финансира клубови членки на ----, без никакво учество или одлука на ---- и без никакво известување за износите и времето на доделувањето на средствата.

Подносителите се жалат и на дискриминација во поглед на признавањето на спортските резултати од страна на Министерството ---- и министерот ----, како и на начинот на прием и третман на националните репрезентации. Согласно наводите на подносителите, по реализирани учества на највисоко рангирани европски и светски првенства и освоени медали, одредени репрезентации редовно се поканувaат во Министерството за свечено оддавање признанија и медали. Спротивно на таа практика, и покрај освоените две златни и една сребрена медала на Светското јуниорско ---- првенство во ---- година и две бронзени медали на Европското јуниорско ---- првенство, ---- репрезентативците ниту еднаш не биле поканети од министерството и покрај многуте барања на ----.

Последно, подносителите наведуваат дека постои дискриминација и во изборот на Спортист на годината. Во досегашната пракса на Министерството ---- и спортските сојузи редовно се следел принципот дека доколку за најдобар спортист е избран спортист од одреден репрезентација, за најдобар селектор се избира селекторот на истата репрезентација. Во ---- година, подносителите наведуваат дека за најдобар спортист бил избран нивниот спортист ----, а за најдобар селектор ----, селектор и претседател на ----. Но, во ---- година иако повторно за најдобар спортист бил избран ----, а за најдобар младински спортист ----, исто така спортист на ----, за најдобар селектор

бил избран селектор од друг спорт. Дополнително, ---- како спорт бил застапен со номинации во 6 од вкупно 8 категории, што според подносителите дополнително се нагласува селективноста на одлуката. Воедно, на истиот избор за најдобра млада спортистка била номинирана спортистката на ---- ----, која освоила златен медал на светско јуниорско првенство, но сепак титулата и победата во оваа категорија и била доделена на друга спортистка од друг колективен спорт, за обезбеден пласман на 16то место на меѓународен куп.

Заради сето наведено, подносителите бараат од Комисијата да утврди дали во конкретниот случај постои дискриминација и вознемирување заради припадност кон организација, да издаде препорака до Министерството ---- и министерот ---- за обезбедување еднаков третман кон сите спортски федерации и да преземе соодветни мерки согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на чл. 27, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 20.10.2025 година испрати барање за произнесување по претставката до Министерството ----.

На 7.11.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на претставката од Министерството ----.

Во одговорот Министерството укажува дека во наводите на претставката на подносителите не може да се утврди постоење на дискриминаторска основа, па оттука не може да постои ни дискриминација, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Во однос на наводите од претставката дека ---- не добила финансиски средства после назначувањето на ---- за министер ----, Министерството наведува дека овие наводи се целосно неточни. Во поднесокот се наведува дека со Програмата за субвенции во областа на спортот за ---- година во месец декември ---- година на ---- и се доделени средства во износ од 1.612.875,00 денари. Следствено, преку истата програма на спортските клубови предложени од страна на ----, а кои учествувале во националниот систем на натпревари за тековната натпреварувачка година, им се доделени средства во вкупен износ од 5.196.620,00 денари, а за спортисти 1.012.000,00 денари. Понатаму, во поднесокот се наведува дека во месец април ---- година, со Програмата за субвенции во областа на спортот за ---- година на ---- и се доделени средства во висина од 729.300,00 денари. Следствено преку истата програма на спортските клубови

предложени од ----, а кои учествуваат во националниот систем на натпревари во тековната натпреварувачка година им се доделени средства во вкупен износ од 2.772.765,00 денари. Во ---- година, од предложената и прифатена ранг листа на 12 млади и талентирани спортисти до 20 години во спортот ----, во категоријата Спортска надеж и корисници на спортска стипендија до 10 месечни исплати (септември ---- – јуни ----) исплатени се средства во вкупен износ од 844.452,00 денари, вклучувајќи го и новиот просек од март ----. Во текот на ---- година, Министерството наведува дека според предложената и прифатената Ранг листа од 12 млади талентирани спортисти во спортот ---- носители на категоријата спортист Спортска надеж и корисници на спортска стипендија од 10 месечни исплати во текот на една година во моментов се подготвува исплата на средства за период од септември до декември ----, со што ќе се доделат вкупно 405.072,00 денари. Воедно, Министерството наведува дека од Програмата од игри на среќа за ---- година кон ---- се доделени наменски средства за учество на меѓународни натпревари на спортистот ---- во висина од 600.000,00 денари.

Во однос на наводите за вршење институционален притисок со постојани инспекциски надзори, во поднесокот за произнесување се наведува дека инспекциските надзори, како надзори за примена на законите и другите прописи и општи акти во работењето на субјектите на надзор, произлегуваат од Законот за инспекциски надзор. Инспекцискиот надзор се врши согласно годишниот и месечните планови за работа на секој инспектор, по службена должност или врз основа на поднесена иницијатива. Воедно, Министерството наведува дека субјектот на инспекцискиот надзор има право да даде забелешка со образложение на записникот за извршениот инспекциски надзор, во однос на законитоста на постапката на инспекцискиот надзор, точноста на утврдената фактичка состојба, како и однесувањето на инспекторот. Во ----, инспекциската служба – одделение за инспекциски надзор во спортот при Министерството ----, во ---- и ---- година извршила 1 редовен и 3 вонредни инспекциски надзори, за кои биле изготвени записници, кои се потпишани без никакви забелешки од надлежните лица на ----.

Во однос на наводите за трговија со влијание и мешање во автономијата на ---- со доделување средства преку сметките на ---- исклучиво на одреден спортист без учество или одлука на федерацијата, Министерството укажува дека ваквата сериозна квалификација е недозволена. Имено, согласно закон, министерот ---- има право, во законски утврдена постапка да додели средства на поединечен спортист кој е содржан во соодветна форма во предлог годишната програма на ----, која, впрочем, истиот самата го вклучила во програмата, а спортистот ги исполнил критериумите да биде корисник на средствата. Министерството покрај тоа што има законско право да додели средства на одреден спортист, има и законско право да додели средства на одреден поединечен спортски клуб. Во крајна линија, како што се наведува во поднесокот, доделените средства во ---- година за поединечните клубови, одат на контото на спортот – ----.

Во однос на наводите за дискриминаторска практика и нееднаков третман во вреднувањето и признавањето на спортските резултати од страна на Министерството ---- и министерот ----, во поднесокот се наведува дека кабинетот на министерот ----, согласно своите надлежности има дискреционо право на определување на дневната агенда на министерот, која истата ја реализира согласно оценката која ја донел по тој однос.

На крај, во однос на наводите за дискриминација во изборот на Спортист на годината за 2024, Министерството укажува дека во овој процес, кој е од ревијален карактер, Министерството ---- не одлучува при изборот за ниту една категорија. Изборот се врши на транспарентен процес и на начин на кој право на гласови имаат исклучиво националните спортски федерации, како и пишаните и електронските медиуми. Дополнително, не постои правило кое вели дека доколку еден спортист е успешен и најдобар и го има приматот спортист на годината, дека и на неговиот клупски тренер или селектор треба да му се додели награда за најуспешен тренер или селектор. Таквата одлука, повторно, ја носат официјалните лица од сите национални спортски федерации и претставниците на медиумите.

Врз основа на наводите од претставката и поднесокот за произнесување од Министерството ----, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека во конкретниот случај Министерството ---- не извршило дискриминација врз ---- во областа на спортот и дејствување на здруженијата на граѓани и фондациите.

Имено, подносителите во претставката не успеваат да го направат тврдењето за извршена дискриминација веројатно. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторската основа и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа. Во конкретниот случај подносителот навел тврдења во однос на неповолен третман од страна на Министерството, но воопшто не го ставил таквиот третман во корелација со заштитна карактеристика и постапување на Министерството со други национални спортски федерации, ниту доставил докази од кои може било што од тврдењата да се потврди. Поради тоа, во случајот не може да стане збор за дискриминација во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

<u>Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:</u>

*„Дискриминација е **секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа**, со сторување или несторување, **што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други**. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Дополнително, од увидот во наводите и доказите во претставката и поднесокот за произнесување, произлегува дека не се точни наводите на подносителите дека по назначувањето на ---- за министер ---- не добива финансиски средства од Министерството. Воедно, од увидот во записниците од извршените инспекциски надзори, очигледно е дека само 1 вонреден инспекциски надзор во ---- и ---- година бил извршен по наредба на министерот ----, додека останатите 2 вонредни инспекциски надзори биле извршени по добиени претставки од ---- клубови, по кои инспекциската служба при Министерството ----, согласно Законот за инспекциски надзор била должна да постапи. Следствено, наведените инспекциски надзори не се вршеле со доволна зачестеност, ниту пак сите биле спроведени по иницијатива на Министерството, за да може да се изведе заклучок или да се фрли сомнеж за постоење на таргетирано и насочено постапување кон ----. Дополнително, од увидот во записниците од сите спроведени вонредни инспекциски надзори произлегува дека ---- не истакнала забелешки по нивната содржина, а надлежните инспектори при ниту еден од извршените вонредни инспекциски надзори не утврдиле неправилности во примената на Законот ----. Во однос на префрлувањето на финансиските средства преку сметките на ---- на одреден спортист или клуб, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ценеше дека министерот ---- за истото има законски предвидено право и доделувањата на средствата ги направил во законски предвидена постапка, односно на ниту еден начин со ваквите дејствија не извршил дискриминација во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација. За крај, во однос на наводите за дискриминација во постапката за избор на најдобар спортист и најдобар тренер за ---- година, Комисијата ценеше дека Министерството нема пасивна легитимација да биде потенцијален дискриминатор, од причина што на никој начин не учествува во изборот на споменатите категории.

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на Мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ